РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 09-297/5
27.05. 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 94 и 173 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 23 од Статутот на Универзитет Американ Колеџ Скопје и согласно член 3 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Универзитетскиот сенат на Универзитет Американ Колеџ Скопје, на својата 6-та седница одржана (преку видео-конференциска врска) на 27.05.2020 година донесе

**О Д Л У К А**

**избор на вон. проф. д-р Адријан Божиновски во наставно-научно звање редовен професор по група предмети од обласа на Програмски јазици и технологии, Вештачка интелигенција и системи, Процесирање на податоци и Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер)**

**Член 1**

Вон. проф. д-р Адријан Божиновски се избира во наставно-научно звање редовен професор по група предмети од обласа на Програмски јазици и технологии, Вештачка интелигенција и системи, Процесирање на податоци и Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер) на Факултетот за компјутерска техника и информатика (во натамошниот текст: ФКТИ).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила на ден 17.06.2020 година.

**Член 3**

Одлуката да се достави до именуваниот, членовите на Универзитетски сенат, проректорот за настава, деканот на ФКТИ, генералниот секретар, академскиот координатор, службата за финансии, службата за студентски прашања и до архивата на универзитетот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На конкурот објавен во весникот „Слободен печат“ на ден 7-9.12.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од обласа на Програмски јазици и технологии, Вештачка интелигенција и системи, Процесирање на

податоци и Организација и методологија на проектирање на сметачки системи (хардверски системи, софтвер), се пријави кандидатот вон. проф. д-р Адријан Божиновски.

Наставно-научниот совет на Факултетот за компјутерска техника и информатика, на својата 1-ва седница одржана на ден 31.01.2020 година, формираше рецензентската комисија во состав:

1. проф. д-р Ѓорѓи Јованчевски, Факултет за компјутерска техника и информатика, Универзитет Американ Колеџ Скопје, професор во пензија,
2. проф. д-р Вено Пачовски, Факултет за компјутерска техника и информатика, Универзитет Американ Колеџ Скопје,
3. проф. д-р Зоран Ивановски, Факултет за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

Извештајот од рецензентската комисија беше објавен во Билтен бр. 77 на Универзитет Американ Колеџ Скопје на ден 04.05.2020 година. Одлуката за избор на вон. проф. д-р Адријан Божиновски за редовен професор беше донесена од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за компјутерска техника и информатика на 3-та седница, одржана на 22.05.2020 година, каде од Наставно-научниот совет, повторно се констатираше дека се исполнети сите услови согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на Универзитет Американ Колеџ Скопје и Законот за високото образование. Врз основа на горенаведеното, и врз основа на овластувањата дадени на Универзитетскиот сенат, со оваа одлука, се потврдува изборот на вон. проф. д-р Адријан Божиновски во наставно-научно звање редовен професор на Факултетот за компјутерска техника и информатика.

**Универзитетски сенат**
**Претседател**
**проф. м-р Викторија Еремеева Наумоска**